Архивски број: 08-109/1
18-01-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-506/1 од 11.09.2023 година, поднесена од [redacted] против Општинско Основно Училиште "Добре Јовановски" од Прилеп, врз основа на етничка припадност во областа на образованието, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 27 став (1), а во врска со член 13 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

СЕ УТВРДУВА ИНДИРЕКТНА ПРОДОЛЖЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА **која доведува до сегрегација** врз основа на етничка припадност во областа на образованието произлезена од законските одредби од Закон за основно орбазование, како потежок облик на дискриминација.

## Образложение

На 11.09.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставена претставка од страна на [redacted] против Општинското Основно Училиште "Добре Јовановски" од Прилеп, за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на образованието.

Според наводите во поднесената претставка и двете дополнувања на истата, подносителот наведува дека со неа е опфатен проблем со кој се соочуваат родители на деца, но и самите деца Роми запишани во редовна настава во ООУ "Добре Јовановски", лоцирано во наелба [redacted] во Прилеп. Овој проблем според подносителот настанува како резултат на барањата и притисоците на дел од родителите на учениците не-Роми со цел спречување на блиска интеракција на нивните деца со учениците од Ромска етничка припадност. Заради ова родителите и учениците Роми се ставени во понеповолна положба во однос на останатите родители и ученици, со што на учениците Роми системски им се повредува правото на еднаквост и заштита од дискриминација при остварување на нивното уставно загарантирано право на образование. Според подносителот тоа придонесува кон нивно исклучување од редовното образование, а неретко поради квалитетот на настава се придонесува и до до намалување на нивните можности за продолжување со образованието, соодветно вработување и заработувачка.

Понатаму подносителот наведува дека уште на почетокот на учебната година од страна на училишната администрација на ООУ "Добре Јовановски" од Прилеп, учениците од Ромска етничка припадност биле распоредени во "етнички чисти паралелки" односно се сегрегирани во паралелки составени единствено од ученици Ром, а истовремено и неколку запишани ученици етнички македонски по барање на нивните родители се одделени во посебен клас во кој нема ученици Роми. Во однос на прашањето кое е проблем според подносителот од училиштето им се наведувало дека запишувањето на првачиња се врши според реонизацијата, а распределбата по паралелки се вршела според барањата на родителите (очигледно според подносителот тоа биле барања на родителите кои не се Роми). Праксата на сегрегирање Роми, според подносителот во ова училиште не е застапена само во новоформираните паралелки во прво одделение туку и во повисоките одделенија.
Воедно подносителот во едно од дополнувањата наведува компаративен елемент според кој во Општина Прилеп во близина на ООУ "Добре Јовановски" се наоѓа друго училиште – ООУ "Кире Гаврилоски – Јане", во кое бројот на ученици Роми е значително помал споредбено со ООУ "Добре Јовановски", и тоа во сите формирани паралелки од прво до деветто одделение. Во последните две учебни години 2022/2023 и 2023/2024 година вкупниот број на учници Роми во 2022/2023 година во ООУ "Кире Гаврилоски – Јане" изнесува 8 Роми наспроти 809 македонци и 9 роми наспроти 818 македонци во учебната 2023/2024 година. Според информациите на подносителот дел од ромските домаќинства лоцирани во населбата [redacted] според адреса реонски припаѓаат на ООУ "Кире Гаврилоски Јане", но кога родителите роми од тој дел на населбата се обраќаат упис на нивните деца во ова училиште истите во поголем број случаи биле – усно – одбивани и препраќани во ООУ "Добре Јовановски" со образложение дека тоа било "ромско училиште". На овој начин проблемот со презастапеност и сегрегација на учениците роми во ООУ "Добре Јованосвки" уште повеќе се влошува. Така имајќи предвид дека овие две училишта се во непосредна близина населбата Тризла и дека дел од ромските домаќинства се наоѓаат на адреса која реонски припаѓа на ООУ "Кире Гаврилоски Јане", а друг дел на ООУ "Добре Јовановски", се доаѓало според подносителот до заклучок дека станува збор за свесно планирана сегрегација на учениците роми во ООУ "Добре Јовановски" во Прилеп.
Во последното, второ дополнување на претставката подносителот посочува дека двете гореспоменати училишта имале тенденција да вршат сегрегација и да формираат чисто етнички паралелки со тоа што во ООУ "Кире Гаврилоски Јане" од Прилеп доминираат ученици од македонска етничка припадност, а во ООУ "Добре Јовановски" доминираат ученици од ромска етничка припадност. Двете училишта биле во непосредна близина и ги делела една улица. Доставена е и статистичка компарација па подносителот наведува дека има податок дека во ООУ "Добре Јовановски" од Прилеп во учебната 2022/2023 година вкупно имало 1713 роми наспроти 299 македонци. Од овој вкупен број ученици, формирани се 29 чисти ромски паралелки. Во учебната 2023/2024 година вкупно има 1701 ученик ром, наспроти 286 ученици македонци. Од овој вкупен број ученици, формирани се 27 чисти ромски паралелки.

Заради произнесување по наводите во претставката, Комисијата на 18.09.2023 година достави Барање за произнесување по истата заведено под број 08-506/2 до ООУ "Добре Јовановски" од Прилеп., по што на 13.10.2023 година доставено е Произнесување од адвокат [redacted] од Прилеп како полномошник на ООУ "Добре Јовановски" од Прилеп. Во произнесувањето се посочува дека наводите истакнати во претставката се неточни и невистинити. Според податоците кои ги водела училишната администрација во истото во прво одделение се запишани 145 ученици од кои 123 се деца роми, а 22 се деца не-Роми. Сите 145 ученици биле распоредени во 7 паралелки со тоа што во 3 паралелки подеднакво и заедно учеле и деца Роми и деца не-Роми, односно македонци, а поради недостаток на ученици не-Роми во другите 4 паралелки учеле само деца Роми. При формирањето на паралелките согласно Закон за основно образование учениците се распоредувале според предзнаењата што ги покажале при уписот како и според полот и возраста на учениците.

Понатаму се напоменува дека во сите 7 паралелки наставниот кадар бил од македонска етничка припадност кој во училиштето бил со работен стаж повеќе од 15 години, со сите ученици подеднакво се постапувало и сите ученици учеле од исти учебници и книги.

Во произнесувањето посебно е напоменато дека ООУ "Добре Јовановски" од Прилеп се наоѓа во населба составена од Роми и Македонци, каде помногубројно е ромското население па од тие причини и во ова училиште поголем бил бројот на ученици Роми во однос на учениците не-Роми, па според тоа и се појавувал проблемот со паралелки каде учеат само ученици Роми. Меѓутоа при формирањето на паралелките никогаш не била извршена дискриминација помеѓу децата и секогаш се внимавало паралелките да бидат мешовити односно составени од ученици роми и македонци, односно да бидат мешани паралелки и според етничката припадност и според полот на децата.

Во член 4 од Закон за основното образование утврдени се начелата на основното образование, па помеѓу останатите се: *најдобар интерес и целосен развој на ученикот, еднаквост, достапност, пристапност и инклузивност, активно учество на учениците во животот на училиштето и заедницата, напредување на сличностите и прифаќање на различностите, интеркултурност, мултикултурализам, интеркултурализам и мултикултурност, како и партнерство помеѓу училиштето, родителите, односно старателите и единиците на локалната самоуправа.* Во членот 5 од овој закон јасно е уредено дека *Во основното воспитание и образование се забранува секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување по основ на пол, раса, боја на кожа, национално или етничко потекло, попреченост, род, сексуална ориентација, родов идентитет, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, други видови уверувања, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба и општествен статус или која било друга основа која е предвидена со закон или со меѓународен договор ратификуван согласно со Уставот на Република Северна Македонија во остварување на правата од основното образование.*


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Согласно член 63 став (1) од Закон за основното образование, *родителот дносно старателот има право да го запише детето во основното училиште во реонот во кој живее или каде што постојано престојува*. Во став (2) е уредено дека *Основното училиште е должно да ги опфати учениците од својот реон*. Согласно став (3) од овој член *Родителот, односно старателот може да го запише детето во друго основно училиште во истиот или друг реон ако за тоа има согласност од училиштето во кое се запишува и од училиштето од реонот во кој живее или каде што постојано престојува*, додека пак став (4) уредува дека *Основното училиште може да запише ученици од друг реон или од друга општина само доколку има слободни места за запишување или доколку ученикот од другиот реон или општина нема можност за следење на наставата на својот мајчин јазик во својот реон односно општина*.
Во оваа смисла, сегрегацијата која произлегува од овој Закон, ги нарушува гарантираните начела со истиот и предизвикува негативни последици врз развојот и иднината на учениците.

Имено, согласно член 9 од Уставот на Република Северна Македонија, граѓаните се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви. Во член 44 од Уставот исто така е уредено дека Секој има право на образование. Образованието е достапно на секого под еднакви услови.

Во член 7 од Конвенцијата за елиминација на сите форми на расна дискриминација е утврдено дека Државите членки се обврзуваат да преземат итни и ефикасни мерки, особено во областа на наставата, воспитувањето, културата и информациите со цел борба против предрасудите што водат кон расна дискриминација и помагање на разбирањето, толеранцијата и пријателството меѓу народите, расните или етничките групи, како и унапредувањето на целите и принципите на Повелбата на Обединетите нации, Универзалната декларација за правата на човекот, Декларацијата на Обединетите нации за укинување на сите форми на расна дискриминација и оваа конвенција.
Исто така, видно од судската пракса на Европскиот суд за човекови права, треба да се земе предвид Пресудата на судот во предметот [redacted] и други против Северна Македонија (бр. 11811/20 и бр. 13550/20) со која судот утврдува дека две основни училишта во државата – "Ѓорги Сугарев" во Битола и "Гоце Делчев" во Штип го повредиле правото на децата на недискриминација, а во врска со нивното право на образование (член 2 од Протокол бр. 1).

Согласно член 12 од Закон за спречување и заштита сегрегацијата како облик на дискриминација се дефинира како *физичко одделување на лице или група лица врз дискриминаторска основа без легитимна или објективно оправдана цел.*

Во контекст на наведеното треба да се земе предвид и Општата препорака на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација 08-244 од 27.04.2023 година

која се однесува на предметното прашање. Имено од дефиницијата и оптестениот проблем се потврдува дека родителите немаат немаат легитимна и објективно оправдана цел да ги запишуваат своите деца во училишта надвор од реоните во кои живеат. Ваквата пракса може да остави далекусежни последици не само врз децата од ромска етничка припадност туку и од не-ромска бидејќи немањето можност и прилика децата со различни културни и етнички позадини да се интегрираат и да учат еден за друг, во иднина може да доведе и до нетрпеливост и дискриминација од страна на "посилната односно побројната " група.

Согласно на сето изнесено, односно од увидот во наводите во претставката и дополнувањата на истата, понатаму произнесувањето по истата, како и анализата на одредбите од домашните и меѓународните извори на правото, се констатира дека од страна на ООУ "Добре Јовановски" од Прилеп е сторена продолжена индиректна дискриминација која резултира со сегрегација – како потежок облик на дискриминација, врз основа на етничка припадност во областа на образованието кон ученици Роми, а како резултат на важечките одредби од Закон за основното образование. Имено, согласно член 8 став (2) од Закон за спречување и заштита од дискриминација *Индиректна дискриминација постои кога преку навидум неутрални прописи, одредби, критериуми, програми или практики, се става некое лице или група во понеповолна положба врз дискриминаторска основа во споредба со други лица или група лица, освен кога произлегува од легитимна цел, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно се соодветни и неопходни.* Согласно член 4 став (1) точка *Продолжена дискриминација е дискриминација што е вршена врз едно лице или група непрекинато, во подолг временски период, врз дискриминаторски основи*.

Врз основа на сето изнесено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 27 став (2) од Закон за спречување и заштита од дискриминација ги дава следните препораки:

- Се препорачува ООУ "Добре Јовановски"
- од Прилеп, при формирање на паралелките со ученици да се воздржи од преземање на дејствија кои би резултирале со сегрегација врз основа на етничка припадност кон ученици роми кои ќе се запишуваат во ова училиште заради вклучување во образовниот процес,
- Се препорачува надлежната единица на локална самоуправа – Општина Прилеп да преземе активности за доследно почитување на актите за реонизација во оваа општина, што за цел би имало десегрегација на децата роми. Дополнително, потребно е зголемување на педагошки асистенти во училиштата што ќе доведе до поголема социјализација и почит помеѓу децата, поголема соработка помеѓу општинската власт и граѓанските организации во однос на сензибилизација на не-ромските родители и наоѓање начини за поинтензивно учење на македонски јазик кај ромските деца што ќе довде до нивна побрза интеграција.

- Во однос на законското решение во Закон за основното образование, директорите на училиштата во реонот каде живее детето и директорите на училиштата кои вршат упис на деца кои не спаѓаат во нивниот реон, треба да ја користат можноста да не потпишуваат согласност за преземање на дете кое би завршило да учи во училиште надвор од неговиот реон на живеење. Дополнително, Министерство за образование и наука да определи построги критериуми за упис на дете во друг реон што би придонело до намалување на сегрегацијата,
- На Државниот просветен инспекторат – Пролеп му се препорачува да врши контрола над процесот на запишување на учениците во образовните установи и начинот на опфат на учениците согласно реонизацијата на основните училишта основани од општиноте и Градот Скопје.

Овие препораки треба да бидат исполнети во рок од 6 месеци од денот на прием на ова мислење и за истото писмено да биде известена Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Доколку не се постапи согласно препораките, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје,
18.01.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик Претседател
Лимко Бегзароски

Доставено до:

- [redacted]
- Државен просветен инспекторат Прилеп,
- Министерство за образование и наука, у. Св Кирил и Методиј, бр. 54, Скопје
- [redacted]